Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

ИЗВЕШТАЈ ЗА СТЕПЕНОТ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ 2021-2024 ЗА ПЕРИОД 01 ЈУЛИ – 31 ДЕКЕМВРИ 2023 ГОДИНА

Во согласност со Политиката за активна транспарентност, Министерството за одбрана редовно и на секои шест месеци изработува и јавно објавува извештај за степенот на реализација на активностите предвидени со Планот за интегритет 2021-2024 година.

Шестмесечните извештаи се изработуваат стандардизирано, во посебно дизајнирана матрица, која е дел од Планот.

Петтиот Извештај за степенот на имплементација на Планот за интегритет се однесува на периодот 01.07 - 31.12.2023 година.

Откако ќе се спроведе Планот за интегритет 2021-2024, во 2025 година ќе се изврши целосна анализа на напредокот постигнат со спроведувањето на Планот.

Одговорно тело за следење на имплементацијата е Работната група за градење интегритет во Министерството за одбрана.

За периодот 01.07 - 31.12.2023 година, согласно Планот за интегритет 2021-2024 и Планот на активности за 2023 година, беа реализирани петнаесет активности или поделено по области: Човечки ресурси – четири активности, Меѓународни мисии и операции – една активност, Јавни набавки – пет активности и Внатрешна контрола – пет активности. Истите се спроведуваат со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS.

Согласно барањето на CIDS, активноста од Матрицата на Планот за интегритет под реден број 30 "Изработка на модул и воведување на обука за отуѓување на средства", ќе биде дел од Планот на активности за 2024 година.

Сите останати планирани активности за второто шестмесечје се започнати и се имплементираат согласно утврдените методологии за реализација на истите.

Координатор на Работна група за градење интегритет
Владимир Анчев

## X. Област I: - Управување со човечки ресурси

| **Репер:** - Подобрена ефикасност на системот за управување со човечки ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Очекувани резултати** | **Имплементација на активност („Да“ и кога се имплементираат во тек, „Не“)** | **Постигнати резултати** | **Број на вклучени луѓе** | **Дополнителни забелешки** |
| 1. Изработка на преглед и утврдување на работни места подложни на корупција | Направен преглед на работни места подложни на корупција идентификувани врз основа на пристап заснован на ризик | Да | Зголемена свест кај раководителите и вработените за потребата од континуирано идентификување на работни места чувствителни на корупција во одбраната | / | Активност 5 од Матрицата на Планот за интегритет 2021-2024 (Активност 2.8 од Планот на активности за 2023 година)<br><br>Активноста произлегува како надоврзување на активност 2.1 од Планот на активности за 2023 година „Анализа на работните места“, и истата поради обемот и содржината во целост ќе биде реализирана во текот на 2024 година |
| 2. Воведување на концепт на „Проценка на влијанието на обуката“ во организирањето на обуките во МО и Армијата | Концептот за проценка на влијанието од обуките е подготвен и презентиран пред раководниот кадар во МО и Армијата | Да | Зголемена свест кај раководниот кадар од понатамошно промовирање на интегритетот во делот на планирање и реализација на обуките на кои учествуваат вработените | / | Активност 2.9 од Планот на активности за 2023 година<br><br>Активноста се спроведува со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.Преглед на постојниот систем на вработување и унапредување во Армијата врз основа на принципот на заслуга и квалитет | Направен преглед на постојниот систем на вработување и унапредување во Армијата согласно Законот за служба во Армијата | Да | Фокусирање на практиките во спроведувањето на Законот за служба во Армијата | / | Активност 11 од Матрицата на Планот за интегритет 2021-2024<br>Активноста е спроведена со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS |
| 4. Преглед на новите политики и практики што треба да се рефлектираат во Законот за служба во Армијата | Извршен преглед на новите политики и практики што треба да се рефлектираат во Законот за служба во Армијата | Да | Воведување на нови политики и практики | / | Активност 13 од Матрицата на Планот за интегритет 2021-2024<br>Активноста е спроведена со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS |

**Област III: - Меѓународни мисии и операции**

**Репер:** - Подобрени заштитни мерки за спречување корупција во меѓународни мисии и операции

| Активност | Очекувани резултати | Имплементација на активност („Да“ и кога се имплементираат во тек, „Не“) | Постигнати резултати | Број на вклучени луѓе | Дополнителни забелешки |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. Изработка на Упатство за теренски набавки во меѓународни мисии и операции. | Изработено Упатство за теренски набавки во меѓународни мисии и операции | Да | Зголемена свест и вештини за градење интегритет во делот на теренски набавки, препознавање и справување со корупција на персоналот кој се упатува на мисии и операции | / | Активност 19 од Матрицата на Планот за интегритет 2021-2024<br><br>Активноста е во фаза на имплементација согласно утврдената Методологија за нејзина реализација и истата ќе биде завршена во 2024 г.<br><br>По добивањето на согласност од норвешките власти за обезбедување на поддршка во подготовка на документи кои се однесуваат на подобрување на заштитните мерки за спречување корупција во меѓународни мисии и операции, експерти од CIDS и вработени од МО и Армијата покрај оваа задача започнаа со реализација и на задачите 16 и 17 од Матрицата на Планот за интегритет 2021 -2024, кои претходно беа одложени. |

**Област: IV - Јавни Набавки**

**Репер:** - Подобрена организациска структура и институционален капацитет за да се обезбеди интегритет и транспарентност во јавните набавки

| **Активност** | **Очекувани резултати** | **Имплементација на активност („Да“ и кога се имплементираат во тек, „Не“)** | **Постигнати резултати** | **Број на вклучени луѓе** | **Дополнителни забелешки** |
|---|---|---|---|---|---|
| 6. Дизајнирање и подготовка на Компендиум кој ги вклучува наставните планови и презентациите од обуките за јавни набавки | Подготвен е Компендум со наставните планови и презентации од обуките за градење интегритет во областа на јавни набавки | Да | Поширока достапност на информации и материјали наменети за персоналот вклучен во јавните набавки за значењето на интегритетот и професионалноста во целокупниот систем на јавни набавки и нивната употреба во редовните обуки и секојдневната работа | / | Активност 3.2 од Планот на активности за 2023 година<br><br>Активноста се спроведува со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS<br><br>Компендиум е во фаза на подготовка и истиот ќе биде целосно подготвен по реализација на сите обуки, вклучувајќи ги и обуките планирани за 2024 година |
| 7. Обука за дизајнирање на технички спецификации во јавните и одбранбените набавки | Реализирана обука за дизајнирање на технички спецификации | Да<br><br>Реализирана обука во период 13 -14.11.2023 | Зголемено знаење и подобрени вештини на вработените за проектирање на техничките спецификации во процесите на јавни и одбранбени набавки | 22 | Активност 3.5 од Планот на активности за 2023 година<br><br>Активноста е спроведена со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8. Методологија за управување со договори | Реализирана обука за Методологија за управување со договори | Да<br><br>Реализирана обука во периодот 17-18 октомври 2023 година | Подобрени вештини на персоналот за користење на методологијата за управување со договори во јавните и одбранбените набавки, зголемено портфолиото на обуки на МО и унапредување на севкупните процеси на јавните набавки | 20 | Активност 3.7 од Планот на активности за 2023 година<br><br>Активноста е спроведена со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS |
| 9. Евалуација на тендери во јавни и одбранбени набавки | Реализирана обука за евалуација на тендери | Да<br><br>Реализирана обука во периодот 19-20 септември 2023 | Подобрени вештини на персоналот за евалуација на тендерите во јавните и одбранбените набавки, зголемено портфолиото на обуки на МО и унапредување на севкупните процеси на јавните набавки | 16 | Активност 3.8 од Планот на активности за 2023 година<br><br>Активноста е спроведена со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS |
| 10. Преглед на минатите неуспешни тендери и обезбедување на научени лекции и препораки | Изработен преглед и реализирани експертски состаноци на кои се споделени досегашни искуства, научени лекции и дадени препораки во делот на избегнување на неуспешни тендери | Да | Континуирано следење на процесите и последователните промени | / | Активност 26 од Матрицата на Планот за интегритет 2021-2024<br><br>Активноста е спроведена со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS |

**Област: VI - Внатрешна контрола**

**Репер:** - Зголемена улога на внатрешната ревизија и на инспекторатот во градењето интегритет

| Активност | Очекувани резултати | Имплементација на активност („Да“ и кога се имплементираат во тек, „Не“) | Постигнати резултати | Број на вклучени луѓе | Дополнителни забелешки |
|---|---|---|---|---|---|
| 11. Преглед на постојниот систем и практики во однос на “делегирање на овластувања“ во рамките на МО | Унапреден систем и практики за делегирање на овластувања со разгледување на потребата за понатамошно промовирање и заштита на интегритетот, професионализмот и пристапот заснован на заслуги. | Да | Спроведена анализа на практиките на делегирање на овластувањата и изработени препораки | / | Активност 36 од Матрицата на Планот за интегритет 2021-2024 (Активност 2.7 од Планот на активности за 2023)<br>Во вторите шест месеци започнати се активностите за реализација на задачата што ќе резултира со финален преглед до крајот на 2024 година во рамки на имплементација на Планот за интегритет 2021-2024 |
| 12. Студиска посета на овластено лице за постапување со наводи за корупција (телефонска линија) во МО на друга држава сојузник или држава партнер | Подобрување на постоечкиот систем и практики во рамките на МО и Армијата во однос на систематско и континуирано постапување со наводите за корупција. | Да<br>Посета на МО на БиХ 30.10 - 02.11.2023 | Зголемена компетентност во справувањето со наводите за корупција. | / | Активност 1.1 од Планот на активности за 2023 година<br>Активноста се спроведе со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS. |
| 13. Подготовка на правилник за користење на | Подготвен интерен правилник и процедури за | Да | Воспоставување внатрешна регулатива за користење на телефонска | / | Активност 1.2 од Планот на активности за 2023 година |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| телефонска линија за пријавување на корупција и процедури за следење | користење на телефонска линија за пријавување на корупција | | линија и процедурите кои треба да следат по примен повик. | | Активноста се спроведува со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS, и истата ќе биде завршена со финален документ во 2024 година во рамки на имплементација на Планот за интегритет 2021-2024 |
| 14. Дизајнирање и подготовка на Методологија за проценка на ризици за спроведување на инспекциски надзор | Подготвен Извештај со препораки за подобрување на механизмите, практиките и инструментите на инспекцискиот надзор | Да | Зголемена свест за степенот на имплементација на минатите препораки во областа на интегритетот дадени од Секторот за инспекција во одбраната и подобро разбирање на потребата од зголемена ефективност на Инспекторатот | / | Активност 1.3 од Планот на активности за 2023 година<br>Изработен е Извештај во кој се наведени препораки за подобрување на ефикасноста на Секторот за инспекција |
| 15. Воспоставување регионална соработка со одбранбените инспекторати на земјите од Западен Балкан | Зголемено ниво на соработка меѓу одбранбените инспекторати на регионално ниво | Да<br>Посета на Инспекторатот за одбрана на БиХ 30.10 - 02.11.2023 | Размена на искуства во планирање и извршување на инспекциски надзор | 8 | Активност 1.4 од Планот на активности за 2023 година<br>Активноста се спроведе со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS. |